UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development “, Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul.”Krste Misirkov” 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ........................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнata поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ........................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ........................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ........................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*........................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ........................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ........................................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*........................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*........................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи* ........................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*........................................................................137

**МИЛЕВ Благој**

**УДК: 347.451:340.13(497.7)**
**347.451:341.24**

# ПРЕНОС НА РИЗИКОТ ОД СЛУЧАЈНО ПРОПАЃАЊЕ ИЛИ ОШТЕТУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ КАЈ ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА

**Апстракт:** Кај договорот за продажба во практиката најважни се прашањата поврзани со пренос на ризикот и појавувањето на трошоци.

Пренос на ризикот е од важност бидејќи се определува моментот кога ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба од продавачот преминува на купувачот. Пренос на ризикот, примарно претставува практично прашање и е регулирано со националното и меѓународното право.

**Клучни зборови:** *практично прашање, момент, купувач, продавач*

**MILEV Blagoj**

**UDK: 347.451:340.13(497.7)**
**347.451:341.24**

# TRANSFER OF RISK FROM ACCIDENTAL LOSS OR DAMAGE TO THE SUBJECT IN CONTRACTS FOR SALE

**Abstract:** In the contract for sale in practice the most important issues are related to transfer of risk and appearance of costs.

The transfer of risk is important because it determines the moment the risk from accidental loss or damage to the subject in contracts for sale from the seller passes to the buyer.

Transfer of risk primarily is a practical question and regulated with national and international law.

**Key words**: *practical question, moment, buyer, seller*

## ВОВЕД

Во овој труд е ставено акцент на преносот на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба. За да не постои двоумење кај читателот во ова воведно излагање ќе напомениме дека во контекст на овој труд под поимот „предмет“ се мисли на стварта што е предмет на договорот за продажба. Договорот за продажба во Република Македонија е уреден со Законот за облигационите односи[1], а во правната рамка за меѓународна продажба на стока најзначаен меѓународен

[1] Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 121/2001 од 12 септември 2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.

правен акт со кој се уредува оваа област е Конвенцијата на Обединетите нации за договорите за меѓународна продажба на стока, позната како Виенска конвенција за меѓународна продажба на стока.[2] Со одредбите на ЗОО и ВКМПС посебно е уредено преминувањето на ризикот од продавачот на купувачот. Пренос на ризикот е од важност бидејќи се определува до кој момент ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот припаѓа на продавачот, а од кој момент преминува на купувачот. Значи станува збор за ризик од случајно пропаѓање или оштетување, на пример од: кражба, природна катастрофа, земјотрес, поплава, снежна лавина, суша или друга елементарна непогода, а не за пропаѓање или оштетување на предметот по вина на продавачот или купувачот. Доколку настане штета по вина на некој од договорните страни тогаш се применуваат правилата за надомест на штета од ЗОО. Со појавата и развитокот на осигурувањето преминувањето на ризикот донекаде е изменето за разлика од минатото, но сепак осигурувањето не го решава целосно прашањето за ризикот од случајно оштетување или пропаѓање на стоката. Во продолжение на овој труд ќе биде елаборирано прашањето за пренос на ризикот според домашното право и меѓународното право.

## 1. Општи излагања за договорот за продажба и пренос на ризикот

Пред да преминиме постепено на елаборација на прашањето за пренос на ризикот кое се наметнува при продажба, во кратки црти ќе ги нотираме основните особености на договорот за продажба и неговите карактеристики. Договорот за продажба спаѓа во групата договори што се правен основ за пренесување на правото на сопственост врз ствар или одредено имотно право. Поимот на договорот за продажба е утврден во членот 442 од ЗОО и врз основа на овој член со договорот за продажба продавачот се обврзува предметот што го продава да му го предаде на купувачот така што купувачот да стекне право на сопственост, а купувачот се обврзува да му ја плати на продавачот цената. Дополнително во ставот 2 на овој член е наведено дека продавачот на некое право се обврзува на купувачот да му го прибави продаденото право, а кога вршењето на тоа право бара држење на предметот и да му го предаде предметот (ЗОО, член 442/1/2). Според оваа законска формулација може да се види дека ЗОО покрај договор за продажба на ствар, познава и договор за продажба на право. Состојќи на договорот за продажба се предметот и цената. Предметот мора да биде во промет, инаку доколку предметот е надвор од промет, договорот е ништовен. Цената доколку со договорот не е определна, а ниту договорот не содржи доволно податоци со кои би можела да се определи тогаш договорот нема правно дејство.

Карактеристики на овој договор се следниве:[3]

- Консензуален, склучен е во моментот кога страните на договорот ќе постигнат согласност за суштествените елементи на договорот, а тоа се предметот и цената;

78/2001 и У. бр. 67/2002 од 23 јули 2002 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002. Во понатамошниот текст ЗОО.

[2] Во понатамошниот текст ВКМПС.

[3] Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2008). Облигационо право. Скопје, стр. 559.

- Неформален, бидејќи може да биде склучен во која било форма, но понекогаш може да се јави и како формален, а тоа е во случаите кога формата е пропишана со закон или кога е договорена;
- Двострано обврзувачки, бидејќи од него настануваат права и обврски и за купувачот и за продавачот како страни на договорот;
- Товарен, бидејќи секоја страна за она што го дава од другата страна добива противвредност;
- Комутативен, бидејќи правата и обврските на продавачот и купувачот се познати од моментот на неговото склучување;
- Еквивалентен, правата и обврските што од него произлегуваат за неговите страни се еднакви или приближно еднакви (еквивалентни);
- Каузален, каузата кај овој договор за продавачот е прибавување на право на сопственост на цената, а каузата за купувачот прибавување право на сопственост на стварта.

Содржината на договорот за продажба, кога се јавува во својот основен вид ја сочинуваат три основни групи на права и обврски: (1) предавање на стварта, (2) гарантирање на својствата на стварта, (3) плаќање на цената.[4] Кај договорот за продажба секогаш се поставува прашањето која од страните ќе биде оптоварена ако предметот на договорот пропадне или се оштети без вина на страните, затоа е од голема важност правото прецизно да ја регулира оваа област без да има правни празнини. Прашањето за ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба се наметнува кај сите видови на продажба, како што се граѓанска, трговска и потрошувачка, но особено доаѓа до израз кај трговската продажба, бидејќи кај овој вид на продажба може да се случи најмногу случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба. Националните правни системи според моментот на преминување на ризикот може да се класифицираат на следниов начин:

- Национални правни системи кај кои ризикот преминува врз купувачот во моментот на склучувањето на договорот;
- Национални правни системи кај кои ризикот преминува врз купувачот во моментот на преносот на сопственоста и
- Национални правни системи кај кои ризикот преминува врз купувачот во моментот на предавање на предметот. ЗОО припаѓа на овие национални правни системи, односно ризикот преминува врз купувачот во моментот на предавање на предметот.[5]

Меѓутоа, во денешни услови, преминувањето на ризикот има претрпено определени модификации поради развитокот на осигурувањето, а особено на транспортното осигурување кога постои задолжително осигурување или осигурување со договор. Притоа, преминувањето, на ризикот се сведува на прашањето кој е задолжен да склучи договор за осигурување и да плати премија, но прашањето на осигурување, сепак, не го решава целосно прашањето на преминувањето на ризикот, зашто осигурувањето не ги опфаќа сите видови ризици, не е вообичаено во сите гранки на трговијата и сумата на осигурувањето не е секогаш доволна за да ги покрие сите загуби што би настанале со оштетувањето или со уништувањето на стоката.[6]

[4] Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2008). Облигационо право. Скопје, стр. 561.

[5] За ЗОО може да кажеме дека припаѓа на групата современи правни системи кои се повеќе го прифаќаат решението дека ризикот преминува врз купувачот со предавањето на предметот од страна на купувачот.

[6] Николовски, А. и Плавшиќ, С. (2005). Трговско право. Скопје, стр. 207.

## 2. Пренос на ризикот според Законот за облигационите односи

Правниот режим на прашањето за преносот на ризик содржан во ЗОО е од диспозитивна природа, следствено, страните може поинаку да договорат во кој момент ќе се пренесе ризикот од случајното пропаѓање или оштетување на стварите. Во случај кога продавачот и купувачот не предвиделе поинакво решение во договорот, примена наоѓаат диспозитивните (дополнителните) правила содржани во ЗОО.[7] Преминувањето на ризикот начелно е уредено со членовите 444 и 445 од ЗОО кои ќе бидат елаборирани во продолжение. До предавањето на предметот на купувачот, ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на предметот го поднесува продавачот, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз купувачот. Ризикот не преминува врз купувачот ако тој поради некој недостаток на предадениот предмет го раскинал договорот или барал замена на предметот.[8] Од ова јасно може да се заклучи дека продавачот во моментот кога ќе му го предаде предметот на купувачот, ризикот преминува врз купувачот, а пред тој момент ризикот припаѓа на продавачот. Пример, доколку предметот на продажбата продавачот му го предаде на купувачот во 12:00 часот, до тој момент ризикот за случајно пропаѓање или оштетување го сноси продавачот, по 12:00 часот ризикот преминува кај купувачот. Но од ова во ЗОО има исклучок, па така со примена на погоре цитираната одредба (член 444, став 2 од ЗОО) ризикот нема да премине врз купувачот иако веќе предметот му е предаден, доколку тој поради некој недостаток на предадениот предмет го раскинал договорот или барал замена на предметот. Меѓутоа купувачот е должен да го чува предметот со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин сè додека продавачот не си го преземе предметот. Значи по исклучок оваа одредба ќе најде примена доколку прво постои некаков недостаток, а второ купувачот поради тој недостаток го раскинал договорот или барал да му се замени предметот со друг предмет кој нема недостаток. Недостатокот може да биде материјален и правен. Материјален недостаток според ЗОО постои во следниве случаи:

1) ако предметот ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;

2) ако предметот ги нема потребните својства за особената употреба за која го набавува купувачот, а која му била позната на продавачот или морала да му биде позната;

3) ако предметот ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани и

4) кога продавачот предал предмет кој не е соодветен на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување (ЗОО, член 467). Од друга страна пак, правен недостаток постои кога врз продадениот предмет постои некое право на трет што го исклучува, намалува или ограничува правото на купувачот, а за чие постоење купувачот не е известен, ниту се согласил да го земе предметот оптоварен со тоа право (ЗОО, член 496/1).

Кога страните на договорот за продажба не ги исполнуваат своите обврски точно во договореното време се создаваат низа на проблеми. Позначаен проблем е

[7] Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2017). Трговско право. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, стр. 50.
[8] (ЗОО, член 444).

утврдувањето на точниот момент на преминување на ризикот доколку некоја од страните задоцни при предавањето на предметот. Законодавецот изречно утврдил во кој момент ќе премине ризикот во случај на задоцнување на купувачот. Ако предавањето на предметот не е извршено поради задоцнување на купувачот, ризикот преминува врз купувачот во моментот кога паднал во задоцнување.[9] Значи според оваа одредба ако во моментот кога било договорено помеѓу продавачот и купувачот да се предаде предметот, не биде предаден предметот поради задоцнување на купувачот, од тој момент преминува ризикот врз купувачот, иако предметот не е предаден на купувачот.[10] Кога предметот на договорот се предмети определени според родот, ризикот преминува врз купувачот во задоцнување ако продавачот ги издвоил предметите очигледно наменети за извршување на предавањето и за тоа му испратил известување на купувачот.**[11]** Од ова заклучуваме дека кај предметите определени според родот,[12] ризикот не преминува автоматски во моментот кога купувачот паднал во задоцнување, туку има поставено два услови за да ризикот премине врз купувачот. Прво продавачот треба да ги издвоил предметите кои се наменети за извршување на предавањето и за тоа да му испратил известување на купувачот. Пример, доколку продавачот треба да му предаде на купувачот 200 кг. јаболки (предмет определен според род) кои се сместени во склад со други јаболки во 12:00 часот, но купувачот задоцни 3 часа, ризикот по 12:00 часот ќе преминие врз купувачот само доколку продавачот ги издвои овие 200 кг. јаболки од останатите јаболки и за тоа му прати известување на купувачот во кое е наведено дека неговите 100 кг. јаболки се издвоени од останатите јаболки и е наведено местото на кое се издвоени јаболките. Законодавецот го предвидува ставот 2 од членот 445 со цел да оневозможи злоупотребата на продавачот во ситуација кога случајно ќе пропаднат или ќе се оштетат стварите што реално не се наменети за купувачот, а продавачот ќе пријави дека токму пропаднатите или оштетените ствари биле наменети за него (купувачот), иако во реалноста тоа се предмети наменети за предавање на трето лице, друг купувач на родовата ствар кој не паднал во задоцнување, следствено не се товари со ризикот.[13] Кога предметите определени според родот се од таква природа што продавачот не може да издвои еден нивни дел, доволно е продавачот да ги извршил сите дејствија што се потребни за да може купувачот да ги преземе предметите и за тоа да испратил известување до купувачот.[14]

Дополнително, покрај начелните решенија за преминувањето на ризикот содржани во членовите 444 и 445 од ЗОО, постојат и други одредби кои изречно нудат одговор на прашањето кој ќе го поднесе ризикот за пропаѓање или оштетување на предметот во некои специфични случаеви кои ќе ги наведиме во продолжение. Кога имаме ситуација во која продавачот му предал на купувачот гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на предметот, купувачот може ако предметот не функционира исправно да бара од продавачот или од производителот да го поправи предметот или пак да го замени.[15] Во оваа ситуација од аспект на овој труд не

---

[9] (ЗОО,член 445/1).

[10] Кога поради задоцнување на купувачот ризикот преминал врз купувачот пред предавањето на предметот, продавачот е должен да го чува предметот со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки. (ЗОО, член 508/1).

[11] (ЗОО,член 445/2).

[12] По род определени предмети се оние предмети што во правниот промет се означуваат со вид, количина и квалитет (жито,кошули, вино, јаболки, цемент).

[13] Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2016). Договорно право. Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, стр. 29.

[14] (ЗОО,член 445/3).

[15] Правата на купувачот спрема производителот врз основа на гарантниот лист се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога барал од него поправка или замена на предметот (ЗОО, член 495).

интересира кој ќе го поднесе ризикот за пропаѓање или оштетување на предметот за време на пренесување на предметот поради замена или поправка. Па така според ЗОО, продавачот, односно производителот е должен на своја сметка да го пренесе предметот до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправениот, односно заменетиот предмет да му го врати назад на купувачот. За тоа време продавачот, односно производителот го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на предметот.[16]

Во ЗОО се регулирани и случаи на продажба со особени погодби. Кај два случаи, купување на проба и продажба со задржување на правото на сопственост, законодавецот посебно го уредува прашањето за ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот и ги дава следниве решенија. Ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на предметот предаден на купувачот заради проба го поднесува продавачот до изјавата на купувачот дека останува при договорот, односно до истекот на рокот кога купувачот бил должен да му го врати предметот на продавачот.[17] Продажбата кај која продавачот го задржува правото на сопственост и по предавањето на предметот на купувачот, ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на предметот го поднесува купувачот од моментот кога предметот му е предаден (ЗОО, член 529).

## 3. Пренос на ризикот во меѓународна продажба на стока

### 3.1. Пренос на ризикот според Виенската конвенција за меѓународна продажба на стока

ВКМПС е меѓународен унифициран договор за продажба на стока. Нејзината изработка е резултат на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (UNCITRAL). Целта при донесувањето на оваа конвенција била универзална кодификација на правните норми за меѓународна продажба при што од денешен аспект можеме да кажеме дека е остварена. Конвенцијата е потпишана на 11 април 1980 година во главниот град на Република Австрија, Виена, а стапи на сила 1 јануари 1988 година, откако е ратификувана од страна на 11 држави. Заклучно со пишувањето на овој труд конвенцијата е ратификувана од страна на 91 држава во светот.[18] Самиот факт што оваа конвенција била усвоена уште во 1980 година, и тоа од најголем број на земји ширум светот, укажува на значењето што продажбата, следствено и договорот за продажба го имаат во меѓународни рамки.[19] Оваа конвенција во рамките на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е ратификувана во 1984 година, а Република Македонија како независна држава има пристапено кон неа во 2006 година по основ на сукцесија. Во основа, ВКМПС нуди универзални решенија за меѓународна продажба на стока во случаевите кога страните на договорот за продажба се од различни држави кои ја имаат ратификувано конвенцијата. На пример, доколку продавач од Р. Албанија склучи договор за продажба на индустриски материјали со купувач од Р. Финска (двете држави ја имаат ратификувано конвенцијата) врз договорот за продажба ќе се примени

---

[16] (ЗОО,член 493).
[17] (ЗОО,член 524).
[18] Конвенцијата е потпишана, но не и ратификувана од Република Гана и Боливарска Република Венецуела.
[19] Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2017). Трговско право. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, стр. 46.

ВКМПС. Во членот 1 во оваа конвенција е определено дека конвенцијата се применува врз договорите за продажба на стоки склучени меѓу страните што имаат свои седишта на територии на различни држави:

(а) кога тие држави се држави договорнички; или

(б) кога правилата на меѓународното приватно право упатуваат на примена на правото на една држава договорничка (ВКМПС, член 1, став 1).[20]

Одредбите што се содржани во конвенцијата се систематизирани во четири дела и тоа:

- Дел 1, област на примена и општи одредби;
- Дел 2, склучување на договор;
- Дел 3, продажба на стоки и
- Дел 4, завршни одредби.

Во продолжение ќе ги анализираме одредбите на конвенцијата што се однесуваат на преминувањето на ризикот кои се сместени во Дел 3 - продажба на стоки, Глава IV - преминување на ризик (член 66-70). Според членот 66 од конвенцијата откако ризикот преминал врз купувачот, овој е должен да ја плати цената без оглед на загуба или оштетување на стоките, освен кога загубата или оштетувањето се последица од дејствие или пропуст од страна на продавачот. Од ова може да се заклучи кога ризикот од оштетување на некоја стока преминал врз купувачот, тој ќе мора да ја плати цената без оглед дали настанала загуба на стоката или таа е оштетена, но доколку таа загуба или оштетување е последица на пример од неправилно пакување на стоката, дефект предизвикан од продавачот или некое друго дејствие на продавачот што го направил пред да преминал ризикот, во таков случај купувачот нема да биде должен да ја плати цената. Бидејќи станува збор за меѓународна продажба на стоки нормално е дека ВКМПС со свои одредби да го уредува и преминувањето на ризикот кога стоките се пренесуваат со превоз. Ако според договорот за продажба е потребно да се изврши превоз на стоките, а продавачот не е обврзан да ги предаде во определено место, ризикот преминува врз купувачот кога стоките му се предадени на првиот превозник да му ги пренесе на купувачот во согласност со договорот за продажба. Ако продавачот е обврзан стоките да му ги предаде на превозник во определено место, ризикот преминува врз купувачот дури кога стоките му се предадени на превозникот во тоа место. Фактот што продавачот е овластен да ги задржи документите врз основа на кои може да се располага со стоките не влијае врз преминувањето на ризикот. Меѓутоа, ризикот не преминува врз купувачот се додека стоките не се јасно идентификувани како стоки наменети за извршување на договорот со обележување на нив, со документи за превоз, со известување што му е испратено на купувачот или на друг начин.[21] Овие одредби ќе ги објасниме со следниов пример. Продавач од Македонија се договара со купувач од Холандија да му продаде 200 кошули и потребно е да се изврши превоз на стоката. Доколку продавачот е обврзан стоката на превозникот да му ја предаде во Штип на ул. „Сремски фронт” бр.15 (седиште на фирмата на продавачот), ризикот врз купувачот ќе премини од моментот кога стоката му е предадена на превозникот на ова место. Доколку

[20] Оваа конвенција не се применува врз продажбите: (а) на стоки купени за лична или семејна употреба или за потреби на домаќинството, освен ако продавачот во кое и до било време, пред или во моментот на склучувањето на договорот, не знаел ниту морал да знае дека стоките се купуваат за таква употреба; (б) на јавна лицитација; (ц) во случај на заплена или некоја друга постапка од страна на судските власти; (д)на хартии од вредност и на пари; (е) на бродови, глисери на воздушна перница и воздухоплови; (ф) на електрична енергија. (ВКМПС, член 2).
[21] (ВКМПС, член 67).

продавачот не е обврзан да ја предаде стоката на определено место, ризикот врз купувачот ќе премине во моментот на предавањето на стоката на првиот превозник што треба да му ја пренесе на купувачот во согласност со договорот. Додека пак задржувањето на документите од страна продавачот врз основа на кои може да располага со стоките е небитен факт во врска со преминувањето со ризикот. Меѓутоа, за да во овој случај ризикот премине врз купувачот од Холандија по предавање на стоката, потребно е таа да биде јасно идентифицирана како стока наменета за извршување на договорот, во спротивно ризикот нема да премине врз купувачот, туку ќе остане на продавачот. Понатаму ВКМПС во член 68 го регулира преминувањето на ризикот за стоки што се продадени во текот на превоз. Па така во ваков случај ризикот преминува врз купувачот во моментот на склучувањето на договор. Меѓутоа, ако околностите укажуваат на тоа, ризикот преминува врз купувачот во моментот кога стоките му се предадени на превозникот кој издал документи со кои се потврдува договор за превоз. Ако пак во моментот на склучувањето на договор за продажба продавачот знаел или морал да знае дека стоките се загубени или оштетени и тој факт не му го соопштил на купувачот ризикот за таква загуба или оштетување го поднесува продавачот. Во членот 69 од ВКМПС е наведено дека во случаи што не се предвидени во претходните одредби кои се елаборирани погоре во овој текст, а тоа се членовите 67 и 68 од ВКМПС ризикот преминува врз купувачот од часот кога тој ќе ги преземе стоките или ако тоа не го стори навремено, во часот кога стоките му се ставени на располагање, а тој прави повреда на договорот со тоа што не ги презема. Меѓутоа, ако купувачот е обврзан стоките да ги преземе во место што не е седиште на продавачот, ризикот преминува кога требало да се изврши испораката, а на купувачот му било познато дека стоките му се ставени на располагање во тоа место. Ако договорот се однесува на стоки што уште не се идентификувани, се смета дека стоките му се ставени на купувачот на располагање дури кога се јасно идентификувани како стоки наменети за извршување на договор (ВКМПС, член 69 / 1/2/3).

### 3.2. Пренос на ризикот според ИНКОТЕРМС правилата

За регулирање на пренос на ризикот во меѓународната продажба покрај ВКМПС постојат и други правила, како што се транспортните клаузули. Тие најчесто имаат примена кај меѓународната продажба од трговски карактер и се однесуваат на повеќе прашања како што се превозот на стоката, пренос на ризикот, испорака на стоката, прием на стоката итн. Трговијата денес се одликува со тоа што луѓето употребуваат определени термини и клаузули кои имаат за цел да обезбедат сигурност и регулирање на прашањата поврзани со транспортот на стоката. Овие клаузули се скратени вообичаени трговски термини, со кои, во прв ред, се прецизираат три моменти: моментот на испорака, моментот на преминување на ризикот и моментот на преминување на трошоците од продавачот на купувачот.[22] Транспортните клаузули што ги има донесено Меѓународната трговска комора познати под името „ИНКОТЕРМС правила“ се позначајните кои се користат во меѓународните трговски односи. Првите ИНКОТЕРМС правила донесени од Меѓународната трговска комора во Париз се од 1936 година, додека пак последната верзија е од 2010 година. Тие се прифатени од страна на владите, официјалните служби и практичари насекаде низ светот за толкување на најчесто употребуваните термини во меѓународната трговија. Ова намалува или отстранува

[22] Николовски, А. и Плавшиќ, С. (2005). Трговско право. Скопје, стр. 210.

целосно нејаснотиите кои произлегуваат од различната интерпретација на таквите термини во различни земји.[23] Инкотермс правилата немаат задолжителен карактер, туку се применуваат со согласност на договорните страни. Во верзијата од 2010 година на ИНКОТЕРМС правилата постојат 11 клаузули кои се поделени во 4 групи.[24] Кај овие клаузули, покрај другото, е утврдено кога преминува ризикот од продавачот на купувачот со посредство на превозникот, но договорните страни имаат можност и клаузулите да ги модифицираат.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој труд, авторот, своето внимание го фокусира на правните решенија за пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба од аспект на домашното законодавство и меѓународните извори на правото. За регулирање на прашањето за пренос на ризикот најзначајни правни акти се: ЗОО во домашното законодавство и ВКМПС во меѓународното право. Може да се заклучи дека станува збор за ризик од случајно пропаѓање или оштетување, а не за пропаѓање или оштетување по вина на некоја од страните на договорот за продажба. Преносот на ризик како практично прашање што се поставува при продажба е многу важно од причина што со утврдување на точниот момент кога ризикот преминува врз купувачот, се утврдува кој ќе биде оптоварен за предметот, доколку случајно се оштети или пропадне. Во ЗОО и ВКМПС во овој дел има и разлика во користењето на термини, па така во законот се користи терминот „предмет“, а во конвенцијата се користи терминот „стока“. Договорните страни ова прашање може да го уредат и со прави диспозитивни норми со кои поинаку ќе се договорат во кој момент ќе има пренос на ризикот, но доколку не предвиделе поинакво решение тогаш ќе се применуваат дополнителните диспозитивни норми од ЗОО. ВКМПС, за разлика од ЗОО оди чекор понапред со тоа што го уредува и прашањето за пренос на ризикот при превоз на стоката и продажба на стоката за време на превозот. Битен е и фактот дали продавачот е обврзан на определено место да му ја предаде стоката на превозникот или пак не е обврзан. Затоа е многу важно определувањето на точниот момент или пак местото кога преминува ризикот да биде прецизен, јасен и познат за договорните страни, се со цел да не се создаваат забуни во практиката кој ќе биде оптоварен за предметот доколку случајно пропадне или се оштети.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2008). Облигационо право. Скопје;

Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 121/2001 од 12 септември 2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2001 и У.

[23] INCO ТЕРМИНИ. http://translog.mk/MK/incoterms_mk.html [пристапено на: 15 март 2019 година].

[24] Види повеќе за оваа верзија на Инкотермс правила: https://iccwbo.org/resources-for-business/ incoterms-rules/incoterms-rules-2010/ . [пристапено на: 15 март 2019 година].

бр. 67/2002 од 23 јули 2002 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002;

Конвенцијата на Обединетите нации за договорите за меѓународна продажба на стоки;

Николовски, А. и Плавшиќ, С. (2005). Трговско право. Скопје;

Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2017). Трговско право. Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;

Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2016). Договорно право. Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;

Тушевска-Гавриловиќ, Б. (2016). Договорно право-практикум. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

UNCITRAL. http://www.uncitral.org/uncitral/en/uncitral_texts/sale_goods/1980CISG.html . [пристапено на: 13 март 2019 година];

Incoterms rules 2010. https://iccwbo.org/resources-for-business/incoterms-rules/incoterms-rules-2010/ [пристапено на: 15 март 2019 година];

INCO ТЕРМИНИ. http://translog.mk/MK/incoterms_mk.html [пристапено на: 15 март 2019 година].